Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис, ____

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57- 10**
**Датум: 2.2.2021 година**

## 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Здружение за уметност и култура СИЛИНДАРТ, с. Дебреше, Гостивар (**во натамошниот текст: Силиндарт**) |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент | НЛБ АД – Скопје |
| Одговорно лице на субјектот / | |

| | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Име и презиме: претседател | | |

## 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>**ВОНРЕДЕН**</u> | 3.КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 27.1.2021 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.1.2021 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:00 ч. |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | Објект, Нова Македонија – Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | (-шифра) |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

1. Иницијатива бр. 22-12279/1 од 2.12.2020 година, поднесена од Одделението за визуелни уметности, архитектура и дизајн при Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од**:

, виш инспектор – Раководител на Одделението за инспекциски надзор во МК.

5) **Предмет на инспекцискиот надзор** е спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 28.000 денари, од одобрените 40.000 денари, согласно со Договорот бр. 22-4589/1 од 11.4.2019 година, за учество во финасирање на Проектот „Втора меѓународна графичка работилница" за којшто се предвидени 40.000 денари и тоа за рекламен материјал и каталог од изложбата, од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн за 2019 година, како и доставување на финасиски и наративен Извештај до МК.

6)**Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

- не се употребени листи за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | silindart@yahoo.com |

8) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:/**

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) **Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:**

**Проект** - „Втора меѓународна графичка работилница" во Гостивар, **рекламен материјал и каталог од изложбата**

Од одобрените 40.000 за наменети за реализација на овој проект согласно со Договорот, од Буџетот на РСМ преку МК, со Решение бр. 22-4589/2 од 15.10.2019 г., за исплата на средства на заменик-министерот за култура, средства во износ од 28.000 денари, се преведени како аванс на жиро сметката на Здружението.

Според Барањето за преведување на средства заведено во писарницата на МК под број 22-6039/2 од 30.10.2019 г., и доставениот Оперативен и финасиски план за користење на буџетските средства кој што е составен дел од Договорт, работилницата требало да се одвива во период од 10.7 – 15.7.2019 година, а во описот за тоа како ќе се трошат преведените средства е наведено дека ќе биде изработен рекламен материјал односно ќе бидат изработени 12 маички со лого, 20 торбички со лого, 2 рол банери и 3 постери печатени на церада како и дека ќе биде изработен каталог на изложбата и ќе биде организиран коктел.

Според презентираната сметководствена документација при надзорот, утврдено е дека од преведените средства од Буџетот на РСМ преку МК во износ од 28.000 денари, потрошени се 27.400 од кои 25.000 денари потрошени се за плаќање по ф-ра бр. 26/2019 од 19.8.2019 г., издадена од СЗД „Антика-А" од Гостивар за сечење,

составување на дрвени рамки со оптегнување на сликарско платно Банковен извод бр. 18.11.2019 г., од НЛБ банка АД и 2.400 денари се платени во готово за печатење на рекламен материјал-маички за што на увид се презентирани фискални сметки за извршено плаќање издадени од добавувачот Комерц Дооел, од Скопје.

Додека, во однос на обврската за доставување на финасиски извештај, утврдено е дека субјектот на надзорот, односно Здружението до надлежниот Сектор за дејности во МК нема доставено наративен и Финансиски извештај за реализиран проект во областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн во рокот предвиден со членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот, според којшто субјектот на надзорот е должен да достави извештај во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на Проектот. Имено, наративен и финасиски Извештај е доставен на 23.12.2020 година, заведен под број 22-11752/1.

**11) Од непосредниот увид во приложената евиденција, документација, како и разговорот со присутното лице од Здружението, се утврди следново:**

1. Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот,
2. **Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што ќе бидат преземени следните мерки:**

**Се утврди дека Проектот - „Втора меѓународна графичка работилница" во Гостивар, рекламен материјал и каталог од изложбата, е реализиран, а преведените средства од Буџетот на РСМ преку МК за овој проект се потрошени ненаменски, што не е во согласност со член 68 став (1) од ЗК, поради што согласно со горенаведеното, имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски надзор, од страна на инспекторот за култура ќе биде изречена следнава инспекциска мерка:**

**-ќе биде донесено решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на неправилноста согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19).**

**Додека, во однос на обврската за доставување на образец за наративен и финасиски извештај за реализација на проектот во рокот утврден со ЗК, односно во рокот предвиден со членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од**


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Договорот, според којшто корисникот е должен да достави извештај во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на Проектот со соодветна сметководствена документација во прилог, како доказ за трошењето на преведените средства за реализација на Проектот, на субјектот на надзорот му е укажано за доследно почитување на обврските од ЗК и Договорот.**

Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на инспекциската мерка опомена, инспекторот утврди дека неправилностите се уште не се отстранети, со решение изрекува инспекциска мерка наредба согласно со ЗИН.

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, овој записник е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот: /

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум: | 4 .2.2021 г. | Датум: | 2.2.2021 г. |
| Потпис на на претставникот на субјектот на надзор: | претседател на Здружението – Гостивар | Печат и потпис на инспекторот за култура: | виш инспектор за култура |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините



Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk